Врз основа на член 27-б и 27-в од Законот за ревизија (Службен весник на Република Македонија бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14,145/15,192/15, 23/16 и 83/18) и член 25 и 47 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ, на предлог на Комисијата за образование, обука и публикации, на ден 30.10.2019 година го донесе следниот :

# П Р А В И Л Н И К
## за спроведување на обука за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор

### Член 1

Со овој Правилник Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (во понатамошниот текст: Институтот) го пропишува начинот на спроведување на обуката за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор.

Начинот на спроведување на обуката од ставот (1) на овој член ги пропишува Институтот, по претходна согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Советот).

### Член 2

Институтот може да спроведе обука за секој предмет од Програмата за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор, најмалку еднаш годишно.

(1) Обуката се спроведува врз основа на констатирана потреба од страна на Институтот и истата може да биде во времетраење од 10 часа или во времетраење од 20 часа.

(2) Институтот со оглас на својата веб страница ги известува заинтересираните кандидати за времето и местото на одржување на обуката.

(3) Доколку се пријават помалку од десет кандидати, Институтот може да не ја спроведе обуката.

(4) Одлуката од став 3 на овој член ја донесува Управниот одбор на ИОРРМ на предлог на Комисијата за образование, обука и публикации.

### Член 3

Обуката од овој Правилник ја спроведуваат едукатори ангажирани од Институтот.

Едукатор може да биде лице кое има завршено четиригодишно високо образование (VII/1 степен) или завршени студии со 240 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) и работно искуство од десет години од соодветната област за која ќе држи предавања.

Во спроведувањето на обуката може да учествуваат и признати стручњаци од праксата од земјата и од странство.

### Член 4

За обуката за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор, кандидатот плаќа надоместок.

Висината на надоместокот ја утврдува Институтот, по претходна согласност од Советот.

**Член 5**

Надоместокот за учество на обука за полагање на испитот за стекнување звање ревизор се утврдува согласно Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРМ.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила на денот на усвојувањето од страна на Управниот одбор на Институтот, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

Претседател на ИОРРМ
Драган Димитров